Младински Клуб – Штип
**Младите имаат МОЌ!**

# П О Р Т Ф О Л И О
# на Младински Клуб – Штип

Младински Клуб – Штип (М-Клуб) е независна, невладина, непрофитна граѓанска организација формирана на 30.09.2005 год. во Штип

**со ВИЗИЈА:**

„Младински Клуб – Штип ги поддржува децата и младите
во остварување на нивниот потенцијал и идеи.
Младите во Штип и регионот се мотивирани, креативни, успешни и одговорни
граѓани кои допринесуваат кон позитивни промени во своите заедници.“

**и МИСИЈА:**

„Младински Клуб – Штип работи на развојот на заедниците преку едукација,
информирање и ангажирање на децата и младите,
и, се застапува за нивно зголемено учество, интереси и потреби.“

**Области на делување:**

- Младинска работа
- Развој на волонтерство и младински активизам
- Здравствени и социјални прашања
- Институционален развој и организациско јакнење

Од своето формирање, па до денес, Младински Клуб постојано – преку спроведување на различни активности и програми, самостојно и во соработка со други организации и мрежи – работи кон остварување на својата визија за да им обезбеди можности на младите од Штип да ги изразат своите желби, потреби и креативност, да ги охрабри да се активираат и да ги искористат своите потенцијали, да учат низ волонтирањето и да се градат во одговорни граѓани свесни за својата моќ да создадат подобра иднина за себе и својата општина.

Преку промовирањето на позитивните вредности и соработката, грижата за младите и поддршката на нивните иницијативи, Младински Клуб е препознатлив во јавноста како поддржувач на младите и застапник за нивните права и потреби.

## Членство во мрежи и сојузи

Младински Клуб – Штип континуирано спроведува различни програми и активности. **Членството во мрежи и сојузи** допринесува кон тоа М-Клуб да биде препознат и на национално ниво и да допринесува во значајни иницијативи и развој на младински политики:

- Од 2005 год., М-Клуб е полноправна-организација членка на Коалицијата на младински организации СЕГА; ја менацирал Регионалната канцеларија на Коалицијата лоцирана во Штип; со свој претставник, во континуитет е застапена во Управниот одбор на Коалицијата; и преку тоа, обезбедува постојана застапеност на О. Штип во најголем дел од проектите и кампањите коишто Коалицијата СЕГА ги спроведува на национално и регионално ниво.
- Од 2006-2011 година, Младински Клуб – Штип е организација-членка на Македонската Мрежа за Намалување на Штети (ММНШ), а потоа, од 2011, па до денес – на наследникот на мрежата – Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка на ХИВ и редовно учествува во сите активности, кампањи и иницијативи на истата.
- Во 2013 година, Младински Клуб – Штип беше една од организациите – основачи на Сојузот за младинска работа (СМР), од 2016 – 2019 година допринесе и во работата на Управниот одбор на СМР со свој претставник,. При тоа, редовно и активно допринесува во напорите на СМР кон признавање, препознавање и поддршка на младинската работа во нашата држава.

## Вклученост на национално ниво

**На национално ниво**, Младински Клуб - Штип, во помала или поголема мера бил вклучен и допринел во многу значајни иницијативи и процеси поврзани со стратешките определби на организацијата, од кои најзначајни сметаме дека се:

- процесот на креирање на Закон за волонтерство (донесен во 2007 година);

- креирањето на Националната стратегија за млади 2006-2015, како и Акционите планови (при што учествувавме и како фасилитатори на работни групи);
- креирањето на Националната стратегија за млади 2016-2025;
- активно учество и во тековниот процес за креирање на Национална стратегија за млади 2023-2027;
- процеси за планирање поврзани со превенција на ХИВ/Сида;
- иницијативата за донесување на стандард за младинска работа и признавање на професијата „младински работник“;
- вклученост на наш член во Работнатата група за Закон за младинско учество и младински политики (донесен во 2020 година).

## Вклученост на локално ниво

Младински Клуб - Штип многу повеќе и активно допринесува и во тела, акции и иницијативи **<u>на локално ниво</u>**, како на пример:

- учество во креирање на Стратегијата за ЛЕР 2012-2017;
- Ден на дрвото - со „координатор од НВОи“ во првите години, а секогаш и со активна вклученост на волонтерите;
- учество во креирање на Акционен план за еднакви можности (2010 год.);
- учество во процесот на развивање и потписници на Декларацијата за сексуалното и репродуктивно здравје и права на младите во О. Штип;
- учество на наш претставник во Оперативната група на Форумот на заедницата во 2015 год. и активно учество на волонтерите во форумските сесии;
- учество на наш член како претставник од граѓанскиот сектор во Локалниот Економски Социјален Совет од неговото основање;
- поддршка во иницирањето и формирањето на Советот на млади на О.Штип во 2008 (којшто беше прв Совет на млади во РМ);
- иницирање на формирањето и поддршка на Форум на млади во 2008/2009 година;
- фасилитирање/водење на процесот за креирање на Локалната стратегија за млади 2011-2015;
- учество во креирање на Локалната стратегија за млади 2019-2023...

# Директна младинска работа

Она по коешто Младински Клуб - Штип е најмногу препознат во заедницата е, сепак, **директната младинска работа**: од своето основање па до денес, М-Клуб во континуитет работи на јакнење на капацитетите на децата и младите (со опфат од преку 1000 деца и млади годишно) преку:

- редовно организирање на различни обуки за развивање вештини и стекнување знаења (тимска работа, акциско и проектно планирање, односи со јавноста, прибирање средства, административно работење, следење и евалуација, управување со времето, учество во процеси на носење одлуки...)
- информирање за теми од интерес за младите, главно преку социјалните мрежи, но и со организирање на настани за информирање;
- советување, главно во областа на здравство /превенција/ и кариерно советување;
- поддршка на активности иницирани и водени од младите волонтери, како одбележување на Светски ден за борба против ХИВ/Сида; одбележување на Светскиот ден за заштеда на електрична енергија; одбележување на Денот за борба против пушењето; забави и работилници за запознавање со туѓите култури (традиционално кршење на лепче со паричка за Стара Нова Година, одбележување на Св.Трупун со посета на лозје и закројување; Helloween забави и работилници...); од младите за жените - акција за 8ми март; еколошки акции за чистење; хуманитарни акции; посети и работилници со деца со посебни потреби; мотивирање на младите за читање преку „Литературна среда“; дружење преку филмски вечери...;
- поддршка (логистика, обуки и консултации од различен вид) за сите младински формални и неформални групи кои побарале поддршка (М.О. ВОДА плус – Штип, Младински Волонтерски Клуб – Карбинци, Форум на млади – Штип, ИАЕСТЕ, ИО „Еквинокс“, ученички организации и други).
- реализација на други активности за информирање и едукација во соработка со локални јавни институции и организации (Општина Штип, СВР – Штип, НУБиблиотека „Гоце Делчев“ – Штип, УГД - Штип, училишта, медиуми, општински тела и граѓански организации), како на пример: планирање и одржување

на работилници на различни теми за ученици од средните и основните училишта, хуманитарни акции за активирање на младите, еколошки акции, ден на кариера, радио и ТВ емисии...

Најголем дел од овие активности се спроведуваат без финансиска поддршка од донатори, а со искористување на постојните расурси на здружението, ресурси на соработници - институции/организации и огромен број на работни часови и вредна работа на волонтерите во организацијата.

## Спроведени проекти

Покрај огромниот број и успеси на волонтерските акции, Младински Клуб - Штип има спроведено и повеќе (помали и поголеми) **проекти финансирани од различни донатори**, од кои како особено значајни (поврзани со клучни интереси на здружението: интересите и потребите на примарната целна група /деца и млади/ и стекнувањето со значајни искуства и јакнење на капацитетите на организацијата) ги издвојуваме:

- Програма за намалување на штети во Штип, којашто е дел од Националната програма за одржување на ниска преваленца на ХИВ финансирана од Министерството за здравство на РМ и од Глобалниот Фонд за борба против ХИВ, туберкулоза и маларија од 2005 – 2012 година, кога обврската за финансирање е превземана само од страна на Министерството за здравство на РМ. Преку оваа програма, годишно околу 200 клиенти - лица кои инјектираат дроги, добиваат секојдневна поддршка преку нашиот сервис (размена на стерилна опрема, медицински и услуги од социјален работник).
- Дополнителен проект од истата национална програма (друга задача) е спроведувањето на теренско Доброволно и доверливо советување и тестирање за ХИВ (ДСТ за ХИВ). Овој проект се спроведува во Штип од 2009 година, и, носител на активностите е Х.Е.Р.А. – Скопје, а М-Клуб е одговорен партнер за спроведување на активноста во Штип. Теренското ДСТ за ХИВ го спроведува локален тим (Координатор, Советувач, Лаборант и Гејткипер) коишто еднаш до два пати месечно имаат смена, и, годишно опфаќаат по околу 80 клиенти (млади, лица кои

инјектираат дроги, сексуални работници, мажи кои имаат секс со мажи и затвореници).

- Октомври 2016 - Август 2017: „Истражување: Социо-економската положба и права на новинарите во Источна Македонија“ финансиран од ЕУ преку суб-грантирање од Здружението на новинари на Македонија, со главна цел да се истражи и утврди реалната состојба (социо-економска) на новинарите во Источна и Североисточна Македонија (3 РД региони), како и перцепците на медиумите кон граѓанскиот сектор и обратно, и, интересот на младите за професијата.
- Од 2010 - 2019 година, Младински Клуб - Штип, како партнер на Коалицијата на младински организации СЕГА на националниот проект „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето“ финансиски поддржан од Детската Фондација Песталоци, беше задолжен за спроведување на активностите во Штип кои опфаќаат поддршка на ученички организации и Деца Правобранители во две училишта (едно основно и едно средно) и периодично истражување за следење на промените (при што се опфатени образовните институции, медиумите и локалната самоуправа).
- Во рамки на локалниот проект инициран од Одделението за превенција при СВР Штип „Животот = 1 : Дрогата = 0“ за превенција од злоупотреба на дроги меѓу младите, Младински Клуб имаше најголем удел во процесот на обучување на врснички едукатори од сите средни и основни училишта во Штип и развивање на соодветен прирачник за едукаторите.
- Во 2011 година, М-Клуб како партнер на Коалицијата СЕГА учествуваше и во спроведување на проектот „Зголемено младинско учество и развивање на младински политики“ со преземање на активностите во источниот регион. При тоа беа подготвени/едуцирани тимови од врснички едукатори, организирани едукативни работилници за млади и неколку јавни настани.
- Септември 2007 - Февруари 2008, во рамки на проектот „Граница не ни треба - Интегриран пристап за превенција на младинското здравје во прекуграничниот регион (Македонија - Бугарија) финансиран од ЕУ и менаџиран од ЕАР, како суб-грантист на спроведувачот Општина Карбинци, Младински Клуб - Штип организираше и спроведе Програма за едукација на ученици од основното училиште „Страшо Пинџур“ при што беше дизајнирана 3-месечна програма, беа

едуцирани 10 наставници како реализатори на програмата и беа опфатени повеќе од 200 деца од О.Карбинци.

- Во периодот од август 2005 до јули 2006 година, М-Клуб, како партнер на НУБ „Гоце Делчев“ допринесе кон спроведувањето на регионалниот проект (во кој беа вклучени Инфо-бус Програмите од Штип-Македонија, Пријепоље-Србија и Бијело Поље-Црна Гора) „Подигање на свеста и едукација на граѓаните во локалните заедници во ЈИЕ“ финансиран од OSI. Во рамките на овој проект, М-Клуб допринесе со административна поддршка на проектот и спроведување на активностите наменети за млади (општа популација) и млади Роми од Штип и Карбинци.

# M-Клуб во 2021 и 2022 година
*- краток извештај -*

Во 2021 и 2022 година, Младински Клуб продолжи со своите редовни активности во рамки на можностите, а со намален обем и опфат на настаните во живо поради Ковид-19 пандемијата и рестриктивните мерки, и преку модификување и префрлување на дел од активностите во виртуелен простор. Преку различните активности на организацијата, опфатени се околу 400-700 деца и млади годишно:

- Младинска работа
  - Учество на 1 претставник во студиска посета на младински центри во Белгија.
  - Учество во процеси и иницијативи водени од Сојузот за младинска работа.
  - Директна младинска работа /програми и активности за деца и млади/: **опфатени околу 80** – од О. Карбинци со работилници и предавања за градење капацитети (тимска работа, комуникација и дијалог, поддршка на идеи за активности од младите); **и околу 50** со слични активности во Штип.
  - Советување и менторирање: преку индивидуални (он-лајн и во живо) средби/консултации, опфатени се околу **40-тина млади**. Консултациите главно се поврзани со кариерно советување, насочување и/или информирање; менторирање или едукација.

- Развој на волонтерство и младински активизам
  - Поддршка на ученички организации (**опфатени околу 60 деца и млади**).
  - Работилници за волонтерство (**опфатени околу 100 деца и млади**): преку 3 он-лајн работилници и 1 – со физичко присуство.

- Информирање (**околу 200 млади**): М-Клуб редовно споделува различни информации од интерес за младите преку ФБ група со над 260 членови, од кои околу 85% спаѓаат во возрасна категорија млади.

- Здравствени и социјални прашања
  - Програмата за намалување на штети кај ЛИД (лица кои инјектираат дроги) во Штип опфати по околу 180 клиенти секоја година, од кои околу 35%, или **60-тина се млади, и, до 32 години** (проширена возрасна граница за „млади“ со оглед на вулнерабилноста на целната група). Околу половина од опфатените клиенти користат услуги редовно, односно, барем 1 пат месечно. Услугите опфаќаат: размена на опрема за инјектирање; дистрибуција на кондоми и информативни материјали; здравствена поддршка (базичен третман на рани, информирање и препраќање); социјална поддршка (информирање, советување, помош при пополнување документи; посета во нивно живеалиште...).
  - Преку сервисот за теренско ДДСТ (доброволно и доверливо советување и тестирање) за ХИВ, во текот на 2021 година, поради ограничените можности за изведување на теренското ДДСТ, беа опфатени само **6 клиенти,** од кои сите – млади лица на возраст до 29 години. Клиенти на теренското ДДСТ се примарно лица – припадници на ранливи групи (ЛИД, КСР, МСМ, затвореници). Во 2022 не се спроведени теренски смени.